Врз основа на член 52 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Битола бр.01-02 од 03.09.2015 год.... Секретарот на Општината Битола, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на административен службеник по пат на интерен оглас

1.За извршител на работите на работно место:

**1.УПР 0101Б04000 Раководител на одделение за спроведување на урбанистички планови**

Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште, Одделение за спроведување на урбанистички планови **1 извршител**

се избира кандидатот:

**ХРИСТИЈАН АТАНАСОВСКИ**

2.Административниот службеник ќе биде унапреден на работното место од претходниот став, врз основа на Решение донесено од Секретарот на Општината, а по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

3.Оваа Одлука да се достави до кандидатот и да се објави на веб страницата на Општина Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Битола спроведе постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од став 1 на оваа Одлука, преку објавен интерен оглас бр. 02/2024.

Интерниот оглас беше објавен на веб странаta на општина Битола и на страницата на Агенцијата за администрација на ден 31.10.2024 г.- Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр. 04-124/8 од 07.11.2024 година, спроведена е административна селекција (Записник бр. 04-124/9 од 11.11.2024 година). Од страна на Секретарот на Општина Битола извршено е интервју со кандидатот за погоре наведеното работно место, кој воедно беше и единствен кандидат пријавен по интерниот оглас. (Записник бр. 04-124/10 од 14.11.2024 година).

Комисијата по извршеното интервју изготви финална ранг листа на кандидат со предлог бр. 04-124/11 од 14.11.2024, истата ја достави до Секретарот врз основа на која листа – предлог Секретарот на општината изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

Бр. 04-124/12
15.11.2024 год.
Битола
Изготвил: Кире Ѓоргиевски

**Секретар**
**на Општината Битола**
**Борче Димитровски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА